Република Македонија
Министерство за правда

## Превод на писмото од Венецијанската комисија

Бр. _______________
Скопје, _________год.

Министерство за правда
Димитрие Чуповски бр 9
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3 113 190
Фах. (02) 3 130 101
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:

Почитувана министерке,

Ви благодариме што ни ја испративте ажурираната верзија на предлог-измените на Законот за судовите, со најновите дополнувања одбележани во текстот. Јас разбирам дека тие измени ќе бидат (или веќе се) доставени до Парламентот за нивно испитување и одобрување.

Ги разгледавме предложените амандмани во Секретаријатот. Нашата прелиминарна анализа покажува дека речиси сите наши препораки се соодветно инкорпорирани во текстот.

Навистина, како и секогаш, некои правни формулации може да бидат малку подобрени (освен ако ова не е прашање на превод), но овие прашања се мали. Во оваа смисла посочувам две забелешки кои може да ги разгледате во Парламентот.

Членот 39 забранува намалување на платата на судијата во случај на привремен трансфер на овој судија во понизок суд. Ова е позитивно. Сепак, не постои таква забрана во случаите кога судијата трајно се преместува во понизок суд, по голема реорганизација или укинување на неговиот суд (види член 40). Препорачливо е да се гарантира дека, во случај на траен трансфер, платата на судијата останува иста. Уште подобро, би било пожелно да се избегне трајниот трансфер на судија во понизок суд (види § 24 од мислењето CDL-AD (2018) 033).

Второ, како што е наведено во нашето мислење (§ 38), неизземањето на судијата во еден случај, може да биде основа за одговорност само ако е очигледно и ако основите за изземање се јасно дефинирани во законот. Член 75 § 1 (4) сега се однесува на "очигледен" карактер на оваа грешка, што е позитивно.

Што се однесува до основите за изземање, како што беше објаснето од претставникот на Министерството на пленарната седница, тие се дефинирани во други закони (во Законот за кривичната постапка). Ова објаснување е задоволително, иако Венецијанската комисија не го разгледуваше Законот на кривичната постапка.

Повторувам дека станува збор за ситни забелешки. Генерално, Секретаријатот на Венецијанската комисија смета дека предложените измени се во согласност со позицијата на Венецијанската комисија изразена во нашите претходни мислења. Текстот на Законот за судови сега е многу појасен, внатрешно покохерентен и подобро го одразува европскиот пристап кон одговорноста на судиите.

Јас разбрав дека исто така се ревидира и Законот за Судскиот совет (анализиран според нашето мислење од октомври 2018 година). Венецијанската комисија ќе биде подготвена да даде мислење за овој закон во 2019 година, доколку тоа биде побарано.

Почитувана министерке, јас сум многу среќен поради одличната соработка помеѓу вашата Влада и Венецијанската комисија.

Ве молам, примете ги моите најтопли желби за 2019 година, со задоволство ја очекувам нашата идна соработка,

Томас Маркерт

Директор, секретар на комисијата

Со почит,

Министерство за правда